# ОПШТИНА РАДОВИШ

Дел. Бр. 09 - 81/1
20-01 2025 год.

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за локална самоуправа (Сл.весник на Р.М. бр. 05/02), член 15 став 1 од Статутот на општина Радовиш (Сл. гласник на општина Радовиш бр. 05/02), а согласно донесената годишна Програма за активности на општина Радовиш во областа на социјалната, детска и здравствена заштита во 2025 бр.08-1786/2 од 23.12.2024, год. општина Радовиш на ден 20.01.2025 год. објавува :

## ЈАВЕН ПОВИК

за распределба на средства од Буџетот на општина Радовиш на здруженија на граѓани и други правни лица од областа на социјалната, детска и здравствена заштита од општина Радовиш за 2025 год.

I. Се распишува јавен повик за распределба на средства на здруженија на граѓани и други правни лица од областа на социјалната, детска и здравствена заштита во општина Радовиш за 2025 година ;

II. Потребни документи за поднесување се :
-годишна програма за работа и финансиски план за 2025 год.;
-извештај за потрошените средства добиени од општина Радовиш за 2024 год.;
-копија од завршна сметка (за здруженија чии годишен приход е поголем од 2,500 евра) или копија од одлука од Цент.регистар (доколку год. приход е помал од 2,500 евра);
-копија од тековна состојба од Цент.регистар на Р.С.М. (не постара од 6 месеци);
-потврда за отворена и активна жиро сметка.

III. Период за доставување на документите е 14 (четиринаесет) дена од денот на објавувањето на јавниот повик, заклучно со 03.02.2025 год.

IV. Пријавите се поднесуваат на адреса :
ЕЛС општина Радовиш, бул. „Александар Македонски“ бр. 7, 2420 Радовиш
или директно во архивата на ЕЛС општина Радовиш
Со назнака : *За јавен конкурс бр.*
Напомена: Пријавите со нецелосна документација како и оние што нема да бидат доставени во наведениот рок, нема да бидат разгледувани.

Изготвил: Игор Чапов
Одобрил: Весна Конзулова

Градоначалник на општина Радовиш
Ацо Ристов

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ГРАДОНАЧАЛНИК ОПШТИНА РАДОВИШ